Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 10.10.2016 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 03 | 4823 | 1 | |

**До:**
**д-р Зоран Трајчевски, директор**
**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 196-г и член 196-ѓ од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија" бр.40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16 и 142/16), а во врска со Писмениот извештај за извршен надзор (мониторинг) на Радиодифузното трговско друштво ТЕЛЕВИЗИЈА СОНЦЕ ДООЕЛ, Прилеп, бр.10-4786/1 од 07.10.2016 година, Привремената комисија за следење на медиумско претставување, доставува:

во 15:35

**ПРЕДЛОГ**
**за неизрекување мерка**

До Привремената комисија за следење на медиумско претставување доставен е Писмен извештај за извршен надзор (мониторинг) на Радиодифузното трговско друштво ТЕЛЕВИЗИЈА СОНЦЕ ДООЕЛ Прилеп, бр.10-4786/1 од 07.10.2016 година, емитуван во периодот од 22 септември до 1 октомври 2016 година.

Предмет на извршениот надзор (мониторинг) се член 75 став 1 и член 75-б од Изборниот законик (кои согласно член 196-в од Изборниот законик, се применуваат 100 дена пред денот на одржување на предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија, кои ќе се одржат во 2016 година).

По разгледување на Писмениот извештај за извршен надзор (мониторинг) на Радиодифузното трговско друштво ТЕЛЕВИЗИЈА СОНЦЕ ДООЕЛ, Прилеп, бр.10-4786/1 од 07.10.2016 година, Привремената комисија за следење на медиумско претставување, предлага да не се преземе мерка.

**Образложение**

До Привремената комисија за следење на медиумско претставување на 07.10.2016 година доставен е Писмен извештај за извршен надзор (мониторинг) на Радиодифузното трговско друштво ТЕЛЕВИЗИЈА СОНЦЕ ДООЕЛ, Прилеп, бр.10-4786/1 од 07.10.2016 година, емитуван во периодот од 22 септември до 1 октомври 2016 година.

По разгледување на Писмениот извештај за извршен надзор (мониторинг) бр.10-4786/1 од 07.10.2016 година, Привремената комисија за следење на медиумско претставување констатираше дека од страна на Радиодифузното трговско друштво ТЕЛЕВИЗИЈА СОНЦЕ ДООЕЛ, Прилеп, во периодот од 22 септември до 1 октомври 2016 година, не беше достигнат релевантниот методолошки примерок од минимум 2 часа дневно-информативна програма за извлекување оценки за начинот на известување, поради што се предлага да не се презема мерка.

**Членови на Привремената комисија за следење на медиумско претставување:**

1. Љуљзим Хазири ____________
2. Слаѓана Димишкова ____________
3. Љубомир Костовски ____________
4. Горан Трпеноски ____________
5. Цветин Чилиманов ____________